**ИНТЕРЕН КОНКУРС за запишување ученици во прва година за средно стручно образование во Средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“ – Скопје за учебната 2024/2025 година**

Врз основа на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година во Република Северна Македонија, објавен од Министерството за образование и наука, Училишната комисија на Средното електротехничко училиште на Град Скопје „Михајло Пупин“ – Скопје за запишување на ученици во учебната 2024/2025 година, го објавува следниот:

И Н Т Е Р Е Н   О Г Л А С

за запишување ученици во прва година за средно стручно образование за учебната 2024/2025 година

## I. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

Во прва година во **Електротехничка струка** ќе се запишат **406 ученици** во **13 паралелки** (338 ученици во 11 паралелки со настава на македонски јазик и кирилско писмо, 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на турски јазик).

Образовните профили, јазикот на кој се изведува наставата, бројот на ученици кои ќе се запишат, бројот на паралелки и минимумот на поени кои се потребни за упис во секој од образовните профили е даден во табелата подолу:

| Образовен профил | Јазик на кој се изведува наставата | Број на ученици | Број на паралелки | Години на траење на средното стручно образование | Минимум поени за упис |
|---|---|---|---|---|---|
| електротехничар за компјутерска техника и автоматика | македонски јазик | 136 | 4 | 4 | 55 |
| електротехничар за компјутерска техника и автоматика | албански јазик | 34 | 1 | 4 | 55 |
| електротехничар за | турски | 34 | 1 | 4 | 55 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| компјутерска техника и автоматика | јазик | | | | |
| електротехничар за електроника и телекомуникации | македонски јазик | 68 | 2 | 4 | 50 |
| електротехничар – енергетичар *во соработка со компании | македонски јазик | 50 | 2 | 4 | 45 |
| електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи *во соработка со компании | македонски јазик | 50 | 2 | 3 | 30 |
| електромеханичар | македонски јазик | 34 | 1 | 3 | 30 |

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

- да имаат завршено основно образование
- да не се постари од 17 години
- да се определиле за план и програма за средно стручно образование
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој ИНТЕРЕН ОГЛАС
- Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СЕ:

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение

(За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени - општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто

одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10);

- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети: мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за електротехничката струка – математика и физика (ученикот може да добие најмногу 20 поени - по 5 поени за секој предмет);

- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;

  За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:

  - За освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени.
  - За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени, за II место – 2 поени и за III место – 1 поен.

- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение. (За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени.

Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

- Утврдениот минимум број поени за првото пријавување е составен дел на овој Конкурс.

- Во случај да се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој конкурс, се организира квалификациско тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети: мајчин јазик и математика. Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот.

## IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

**1. Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во јунски уписен рок со две пријавувања.** Пријавувањето и запишувањето на кандидатите се врши преку електронското пријавување, со електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

- **ПРВОТО ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ** на учениците ќе се врши од 20 јуни до 25 јуни 2024 година до 15.00 часот.

- **Доставувањето на потребната документација до училиштата е на** 20 и 24 јуни од 07.00 часот до 17.00 часот и на 25 јуни 2024 година од 07.00 до 15.00 часот.

- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 26 јуни 2024 година, најдоцна до 09.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 28 јуни 2024 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 28 јуни 2024 година, на јавно место во училиштето.

- **ВТОРОТО ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ** на учениците ќе се врши на 01 јули и 02 јули 2024 година до 15:00 часот.
- **Доставувањето на потребната документација до училиштата** е на 01 јули 2024 година од 07.00 до 17.00 часот и на 02 јули од 07.00 часот до 15.00 часот.
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 03 јули 2024 година, најдоцна до 09.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.
- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 5 јули 2024 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 5 јули 2024 година, на јавно место во училиштето.

**2. Втор уписен рок (август) 2024**

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок.

- Пријавувањето на ученици ќе се врши на 21 август 2024 година од 00:00 часот до 15:00 часот.
- Доставувањето на потребната документација ќе биде на 21 август 2024 година од 07:00 до 17:00 часот.
    - Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 22 август 2024 година, најдоцна до 12:00 часот на огласната табла и веб страна на училиштето.

**НАПОМЕНА:** Против одлуката за упис, учениците и нивните родители (старатели), во рок од 12 часа од истакнување на конечната ранг листа, можат да поднесат приговор до Училишната комисија.
Решението по приговорот е конечно.
По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа.

## V. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**Кандидатите кои аплицирале по електронски пат ја доставуваат следната документација во училиштето:**

- пријава за запишување (се презема од официјалната веб-страница на МОН испечатена и пополнета);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;

- дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето – оригинален документ).
- Кандидатите ги поднесуваат документите лично кај уписната комисија во училиштето. Во случај на оправдана спреченост на ученикот, документите ги поднесува родителот односно старателот на ученикот на денот на уписот.

**Некомплетирани документи нема да се примаат.**

## VI. ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Изборот и запишувањето на учениците се врши, врз основа на ранг листа изготвена според вкупниот број поени што се пресметуваат одделно за секој кандидат.
2. Вкупниот број поени се утврдува според критериумите за избор на учениците.
3. Во рамките на предвидениот број ученички места утврдени со овој оглас имаат право да се запишат и учениците кои ја повторувале годината и кои во определениот рок се пријавиле како повторувачи со право да го задржат статусот на редовен ученик.